

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

*Декември 2020 година*
*ЕУЦ-број 57/2020*

## ПАКЕТ ОД 70 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА НАБАВКА НА КОВИД-19 ВАКЦИНИ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Европската комисија на 28 декември 2020г. усвои пакет од 70 милиони евра во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), како поддршка за пристап на партнерите од Западен Балкан до вакцините против Ковид-19 набавени од земјите членки на ЕУ.

Пакетот ќе се плаќа во форма на грантови кои ќе помогнат да се покријат трошоците за вакцините за приоритетните групи во регионот, како и потребната опрема за вакцинација, објави Комисијата.

Ова ќе им овозможи на земјите од Западен Балкан да купат одреден број вакцини од Договорот за набавка на ЕУ со шест производители, при што некои земји членки на ЕУ ќе споделат дел од своите претходно добиени дози. Комесарот за проширување Оливер Вархеји даде оценка дека во текот на целата пандемија, ЕУ покажа дека го третира Западен Балкан како привилегиран партнер.

Брзата вакцинација ќе биде клучна во ставањето крај на пандемијата и започнувањето на социо-економското закрепнување на Западен Балкан – истакна Вархеји.

Испораката на вакцини преку меѓународната иницијатива Ковакс, за која се пријавија земјите од Западен Балкан ќе започне подоцна од кампањата за вакцинација во ЕУ, но регионот сепак ќе добие пристап до одреден број дози од своите договори за продажба.

Комисијата и Европскиот центар за контрола на болести му помагаат на регионот во финализирање на стратегиите за вакцинација во согласност со препораките на Комисијата.

Европската Унија исто така финансира проект со Светската здравствена организација за помош во управувањето со логистиката и во испораката на вакцините, наведува Комисијата.

Комисијата ја координира донацијата на одредени дози набавени од земјите-членки на ЕУ на различни партнерски земји со цел да се гарантира нивниот ран пристап до вакцините Ковид-19 за здравствените работници и ранливото население се додека вакцините преку COVAX не бидат пошироко достапни.

COVAX механизмот претставува столб за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефикасни вакцини за Ковид-19, за кој досега Европската унија и земјите членки најавија над 870 милиони евра. Механизмот COVAX има за цел да купи 2 милијарди дози до крајот на 2021 година, вклучително и над 1,3 милијарди за земјите во развој. Ова ќе помогне да се развие разновидно портфолио на вакцини, да се преговара со различни добавувачи и да се опфатат различни научни технологии, време на испорака и цени.

Учеството на ЕУ во COVAX е комплементарно со тековните преговори на ЕУ со компании за вакцини започнати според Стратегијата на ЕУ за вакцини. Преку своите напредни договори за набавка, од производителите се бара да го стават на располагање нивниот производствен капацитет за снабдување на сите земји и се повикува на слободен проток на вакцини и материјали без ограничувања на извозот.

https://ec.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Пакет од 70 милиони ера за набавка на Ковид-19 вакцини за Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Исклучување на дигиталните уреди надвор од работното време | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Паламентарни избори во Романија | 6 |
| Видео пораки на лидерите на ЕУ до граѓаните на Унијата | 6 |
| Зајакнување на демократијата во одбрана на дезинформациите | 7 |
| Предлог за законски измени на Европската комисија | 7 |
| Постигнат договор за Механизмот за закрепнување | 8 |
| 30 милиони електрични автомобили до 2030 година | 8 |
| Стартува вакцинацијата низ Европа | 9 |
| Три фази на кампањата за вакцинација во Франција | 9 |
| 65 години постоење на европското знаме | 10 |
| Постигнат договор за трговија и соработка на ЕУ со Велика Британија | 10 |
| Пад на невработеноста во еврозоната | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

**Одобрен буџетот на ЕУ за 2021 година во висина од 164,3 милијарди евра и вкупни плаќања од 166,1 милијарди евра.**

***Сесија на Европскиот парламент 14-18 декември 2020***

На пленарната сесија европратениците со 536 гласа не ја одобрија кандидатурата на Марек Опиола, предложен за член во Европскиот суд на ревизори од страна на Полска. Опиола е актуелен потпретседател на полскиот Врховен завод за ревизија. Советот не е обврзан да ја следи препораката на Парламентот.

Европскиот парламент го одобри договорот со земјите-членки за новата директива за вода за пиење. Директивата ќе овозможи подобар пристап до висококвалитетна вода од чешма, вклучително и за ранливите групи. Ова е одговор на барањата на над 1,8 милиони Европејци кои ја потпишаа првата успешна европска граѓанска иницијатива „Right2Water“, како поддршка за подобрување на пристапот до безбедна вода за пиење за сите Европејци.

Европратениците со 654 гласа одобрија REACT-EU пакет од 47,5 милијарди евра наменети за ублажување на непосредните ефекти од кризата Ковид-19 низ регионите на Европската Унија. REACT-EU е предлог на Европската комисија за решавање на економското и социјалното влијание на пандемијата COVID-19, во форма на амандман на Регулативата за заеднички одредби, кој го регулира периодот на програмирање на кохезивната политика 2014-2020.

Со новиот закон на Европската Унија, одобрен со 653 гласа се продолжува примената на постојните правила на Заедничката земјоделска политика (CAP) до крајот на 2022 година. Ова осигурува дека плаќањата на земјоделците и корисниците на руралниот развој може да продолжат.

Европратениците ги поздравија договорите за MFF (повеќегодишната финансиска рамка), фондот за обнова и 2030 климатските цели, но предупредија дека очекуваат строго спроведување на механизмот за владеење на правото. Претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен истакна дека NextGenerationEU фондот претставува најамбициозен инструмент за закрепнување на економијата во последните децении и ја пофали амбициозната цел за намалување на стакленичките гасови на 55%.

Европратениците ја одобрија регулативата дизајнирана за заштита на фондовите на Европската Унија од злоупотреба од страна на владите на Европската Унија кои го искривуваат владеењето на правото. Условеноста овозможува да се разгледаат сомнителните планови за примена на средствата на Европската Унија во однос на зачувување на вредностите на Европската Унија.

На пленарната сесија потпретседателот на ЕК, Маргаритис Схинас ја презентираше стратегијата COVID-19 која се заснова на принципите на еднаков пристап, достапност и безбедност. Овој пристап на сите 27 земји-членки на Европската Унија ќе овозможи вакцинирањето да започне истовремено.

Европратениците со 548 гласа го одобрија договорот за долгорочниот буџет на ЕУ (MFF) со Советот постигнатиот на 10 ноември годинава. Резолуцијата за повеќегодишната финансиска рамка од 2021-2027 година, Меѓуинституционалниот договор, инструментот за обновување на Европската Унија и регулативата за владеење на правото беше усвоена со 496 гласа. Договорот меѓу ЕП и Советот ќе се применува од 1 јануари, нагласија европратениците.

Резолуцијата усвоена со 448 гласа го оценува законот што одредува која земја-членка треба да постапува со барање за азил. Европратениците повикаа на механизам заснован на солидарност со цел да се обезбеди почитување на основното право на азил во Европската Унија и дека одговорноста е поделена рамномерно меѓу земјите-членки.

Со одобрениот необврзувачки извештај европратениците повикаа на поодржливо деловно однесување и решавање на недостатоците во постојните закони. Претстојните предлози за корпоративно управување од Комисијата треба да вклучат низа задолжителни обврски за компаниите и стимулации за дејствување, наместо да се потпираат на доброволно откривање на информации, истакнаа европратениците. Извештајот беше усвоен со 347 гласа.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Во резолуцијата усвоена со 524 гласа еврпарламентот посочува дека националните и јазичните малцинства во Европската Унија се соочуваат со асимилација и ги губат своите јазици, што резултира во јазично и културно осиромашување. Европскиот парламент ја повика Комисијата да предложи правни акти за решавање на ова прашање, изразувајќи ја својата поддршка за Европската граѓанска иницијатива „Малцински безбеден пакет - еден милион потписи за различноста во Европа“.

Со цел надополнување на промените со кои се соочува европската економија, потребни се јасни цели да се обезбеди социјална правда на пазарот на трудот. Во резолуцијата усвоена со 380 гласа Европскиот парламент ги утврдува своите приоритети за силна социјална Европа за праведни транзиции.

Европратениците усвоија привремени мерки за одржување на врската со железничката пруга помеѓу континентална Европа и Велика Британија по завршување на периодот на транзиција. Привремените правила беа одобрени во итна постапка со 684 гласа.

Резолуцијата за прилагодување кон климатските промени, одобрена со 550 гласа ќе обезбеди влез во новата стратегија за адаптација, што се очекува од Комисијата во 2021 година, како дел од Европскиот зелен договор.

Необврзувачката резолуција усвоена со 543 гласа претставува преглед на тековните безбедносни прашања, идентификувани од Комисијата за периодот 2020-2025 година во Стратегијата на Европската Унија за безбедност, вклучително и борба против тероризмот и организираниот криминал, злоупотреба на деца во и офлајн, дезинформации и хибридни закани, криумчарење мигранти, акција против недозволена трговија со дрога и огнено оружје.

За време на дебатата со потпретседателот на Комисијата, Марош Шефович и главниот преговарач на ЕУ, Мишел Барние, скоро сите говорници истакнаа дека европарламентот претпочита да потпише договор со Велика Британија, но не по цена на загрозување на интегритетот на единствениот пазар. Европратениците усвоија мерки за обезбедување основни патишта и воздушни врски во случај да не се постигне договор за идните односи меѓу Европската Унија и Велика Британија.

Европскиот парламент го одобри буџетот за следната година со 540 гласа.



www.europarl.europa.eu

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНИТЕ УРЕДИ НАДВОР ОД РАБОТНОТО ВРЕМЕ



Комитетот за вработување и социјални прашања на Европскиот парламент на 2 декември годинава усвои резолуција во која се вели дека членките на Европската Унија мора да обезбедат работниците да можат да го остварат своето право на „исклучување“, вклучително и преку колективни договори. На вработените мора да им се дозволи да ги исклучуваат дигиталните уреди надвор од работното време без да се соочат со последици.

Европратениците посочија дека ова право е од витално значење за здравјето на вработените. Културата „секогаш достапен“ и сè поголемото очекување од вработените да бидат постојано достапни може негативно да влијае на рамнотежата помеѓу здравјето и работата, физичкото и менталното здравје, како и благосостојбата на луѓето. Европската комисија треба да предложи директива за правото да се биде „исклучен“, што не е изречно наведено во правото на Европската Унија. Можноста да се биде исклучен од работа треба да биде основно право што ќе овозможи работниците да не се занимаваат со работни задачи и електронска комуникација надвор од работното време без никакви последици.

Необврзувачката резолуција се очекува да биде изгласана на пленарна седница во јануари 2021 година.

Според истражувањето на Европската фондација за подобрување на условите за живот и работа (Eurofound), повеќе од една третина од работниците во Европската Унија сега работат од дома. Дигиталните алатки и информатичките и комуникациските технологии овозможуваат работа од каде било и во секое време, но тие можат да имаат сериозни последици затоа што го продолжуваат работното време, ги бришат границите помеѓу работата и приватниот живот и придонесуваат за појава на „дигитални номади“, сите засилени во услови на корона кризата.

**https://euractiv.rs**

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 1 декември 2020 година оствари видео-средба со претседателот на Националниот совет на Република Австрија, Волфганг Соботка. Двајцата соговорници ја истакнаа активната соработка и ефективната размена на информации меѓу институциите на двете држави во борбата против тероризмот. Република Австрија останува силен поддржувач на Република Северна Македонија за побрзо отворање на преговорите, а својот став цврсто го застапува на сите нивоа во институциите на Европската Унија, истакна Соботка на средбата. Двајцата претседатели изразија задоволство што продолжува соработката за формирање на Работилница за демократија во Собранието по примерот на австрискиот Парламент, а која има за цел да сподели знаење и да го стимулира интересот за политика и за демократски процеси кај младите.

На 16 декември 2020г. во рамките на 23 седница на Собранието, Претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски го оствари своето годишно обраќање во законодавниот дом.



На 21 декември 2020 година претседателот Џафери оствари средба со Мустафа Шентоп, претседател на Големото национално собрание на Република Турција. На средбата присуствуваа потпретседателите на Собранието, Горан Мисовски и Фадил Зендели, претседателот на Пратеничката група за соработка со Собранието на Турција, Бејџан Илјаз и генералната секретарка Цветанка Иванова. На средбата Џафери ги оцени билатералните односи меѓу двете земји на највисоко ниво, кои се одвиваат по нагорна линија на политичко, економско и културно ниво, а добрите и пријателски односи се пресликани и во плодната парламентарната соработка. Џафери се заблагодари за континуирана поддршка на Република Турција пред сè на полето на одбраната, внатрешните работи и членството во НАТО. Претседателот Шентоп се осврна на претседавањето на Република Турција со Процесот за соработка во Југоисточна Европа и информираше за претстојните парламентарни активности во рамките на турското претседателството. Упати честитки за полноправното членство на нашата земја во Организацијата на Црноморската економска соработка. Претседателите на двете собранија разменија мислења за последиците, начините и мерките за справување со пандемијата со КОВИД-19 и функционирањето на парламентите под посебни заштитни протоколи. Соговорниците изразија заложби за натамошно унапредување и зајакнување на соработката во сите полиња и надеж за продлабочување на одличните меѓупарламентарни односи.





## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот Џафери на 4 декември 2020 година имаше свое обраќање на конститутивната седница на Клубот за младински прашања и политики. Во својот говор Џафери се осврна на Законот за младинско учество и младински политики усвоен во јануари годинава и формирањето на Регионалната мрежа на Младински клубови на Парламентите од Западен Балкан, чија цел е поврзување на сите Клубови со цел младинската агенда да биде ставена високо во приоритетите на Унијата и на земјите од Западен Балкан.





На 10 декември 2020г., по повод Меѓународниот ден на човековите права, во Собранието во соработка со Националната мрежа против хомофобија и трансфобија се одржа конститутивна седница на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. За прв пат групата беше формирана во мандатот на претходниот парламентарен состав.

На 30 декември 2020г. Клубот на пратенички ја одржа својата конститутивна седница на која за претседателка е избрана Лолита Ристова, за заменик претседателка Благица Ласовска, пратенички во Собранието. На седницата беше избрано и новото Претседателство на Клубот.





Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Арбер Адеми на 2 декември 2020 година учествуваше на виртуелна Интерпарламентарна комисиска средба на тема: „Западен Балкан: 25 години по Договорот од Дејтон“, која се одржа во Брисел, во организација на Комисијата за надворешни работи-АФЕТ, во Европскиот парламент.
На 10 декември 2020г. Комисијата за европски прашања на својата 6-та седница во прво читање го разгледа Предлогот на законот за попис, која продолжи на 29 и 30 декември.

На 9 декември 2020 година потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски имаше свое обраќање на настанот за одбележување на меѓународниот ден за борба против корупцијата. Во своето обраќање истакна дека основната мерка и водилка треба да биде словото на законот и Уставот, највисокиот законодавен акт на една земја, чуварот на правата и слободите на граѓаните.





Управувачката група за соработка со шведскиот парламент, Рикстагот на Собранието на 07.12.2020 год. одржа прв онлајн состанок со Управувачката група на шведскиот парламент.



Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието, на 15 декември 2020г. одржа јавна расправа на тема: Предлог-закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, на иницијатива на Здружението за родова еднаквост „Една може“.

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО РОМАНИЈА



На 06 декември годинава на парламентарните избори во Романија правото на глас го оств617ија само една третина од избирачите. На изборите граѓаните избираа 329 членови на долниот дом на парламентот и 136 сенатори. Социјалдемократите освоија 29,7% од гласовите, а либералите на премиерот Лудовиќ Орбан 25,8%, врз основа на 99% од пребровените гласови.

Национално либералната партија останува фаворит за формирање идна влада во коалиција со реформскиот сојуз, кој освои 16% од гласовите. Според резултатите, крајно десничарската Алијанса за единство на Романија (АУР) и Демократскиот сојуз на Унгарците во Романија (УДМР) го надминаа изборниот праг од 5%.

Владите предводени од либералите беа мета на сериозни критики од Европската Унија за мешање во работата на судскиот систем и бројни скандали со корупција во кои актерите беа едни од нејзините најпознати членови. Последната влада на социјалдемократите падна во 2019 година, откако поранешниот лидер на таа партија, Ливиу Драгнеа беше уапсен под обвинение за корупција.

Хаотичниот период на владеењето на социјалдемократите доведе до двегодишни масовни протести на кои се појави во прв план генерација на релативно млади, проевропски политичари образовани во странство, укажувајќи на широко распространета корупција и злоупотреби во министерствата и другите државни институции.

Романија беше силно погодена од сиромаштија, уште пред пандемијата со повеќе од 25% од 19 милиони луѓе кои живееја со помалку од 5,5 долари на ден. Пандемијата дополнително ги влоши структурните проблеми и го донесе пред колапс здравствениот систем. Во Романија, седмата земја-членка на Европската Унија според бројот на жители, инфекцијата со коронавирус е потврдена кај повеќе од половина милион луѓе, а повеќе од 12.000 починале.

Поради пандемијата, Романија забележа пад на економскиот раст од 6% само во третиот квартал од оваа година, еден од најголемите меѓу членките на ЕУ.

https://euractiv.rs

## ВИДЕО ПОРАКА НА ЛИДЕРИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ ДО ГРАЃАНИТЕ НА УНИЈАТА



Лидерите на земјите-членки и на Европската Унија на 23 декември 2020 г. испратија порака до граѓаните на ЕУ во врска со пандемијата, во која им се заблагодарија и им дадоа надеж на крајот на 2020 година.

Тие објавија куси видео пораки на веб-страницата на Европскиот совет, кои ги снимија одделно, под наслов „Обединети против Ковид-19“.

Претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел порача дека тим од 450 милиони граѓани на Европската Унија може да ја стави пандемијата под контрола доколку ги почитува мерките, се грижи за себе и за другите.

Германската канцеларка Ангела Меркел истакна дека најдобрата заштита од пандемијата е во наши раце. Ограничете ги контактите, носете маски, држете растојание и покажете грижа за другите. Заедно ќе бидеме посилни од вирусот, истакна Меркел. Францускиот претседател Емануел Макрон им се заблагодари на граѓаните за нивната одговорност и солидарност и додаде дека мора да продолжат да бидат солидарни и одговорни сè додека не се појави вакцината. Само на тој начин може да се спротивставиме на вирусот. Унгарскиот премиер Виктор Орбан повика на обединување во борбата против Ковид-19. Ако се обединиме, ќе победиме, истакна Орбан. Италијанскиот премиер Џузепе Конте истакна дека Божиќ е време на радост, ќе биде поинаков, но развојот на вакцината е голем знак на надеж, истакна Конте. Австриискиот канцелар Себастијан Курц упати посебна благодарност до лекарите и оние кои работеа во домовите за нега и за стари лица, а пред се на истражувачите. Слични пораки испратија и други лидери на земјите-членки на ЕУ, како што се хрватскиот и словенечкиот премиер Андреј Пленковиќ и Јанез Janша, словачкиот премиер Игор Матович и многу други.

https://newsroom.consilium.europa.eu

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО ОДБРАНА ОД ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ




Студијата „Мапирање лажни вести и дезинформации во Западен Балкан и идентификување начини за ефикасна борба против нив", на барање на Комитетот за надворешна политика на Европскиот парламент (АФЕТ), наведува дека дезинформациите се „ендемичен и сеприсутен дел од политиката низ Западен Балкан".

Три клучни предизвици се: надворешни предизвици за кредибилитетот на Европската Унија, дезинформации поврзани со пандемијата и влијанието на дезинформациите врз изборите и референдумите.

Студијата посочува дека дезинформациите не се производ на лошо регулирани дигитални медиуми или надворешни безбедносни закани.

Препораките на студијата за Европската Унија и нејзините партнери не се однесуваат само на медиумите или на полето на безбедноста, туку ставаат посебен акцент на доменот на управување, јавниот ангажман и дипломатијата. Програмите за помош треба да вклучуваат иницијативи кои ќе ја зајакнат комерцијалната одржливост на медиумите кои сакаат да ја зачуваат својата независност од засегнатите страни политичките и корпорациите, затоа што „финансиската ранливост на медиумите ја зголемува нивната склоност кон ширење дезинформации", се наведува во студијата.

Во документот се наведува дека кампањите за дезинформации предводени од Спутник Србија се забележливи во регионот, особено во БиХ, Црна Гора, Северна Македонија и Косово.

Околу една третина од анализираните кампањи се насочени кон НАТО или Европската Унија, една третина за последиците од војните во поранешна Југославија и помирувањето, а остатокот за изборната политика и „ковид-19".

https://euractiv.rs

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО ЕУ




Европската комисија на 3 декември годинава ги претстави своите намери за идните законски предлози за зајакнување на демократијата во Европска Унија.

Предвидено е во следните години да се воведе транспарентност во политичкото рекламирање, како и начини за спречување на дезинформациите и помош на регионалните и аудиовизуелните медиуми. Комисијата ќе предложи правила за одговорноста на огласувачите, на политичките советници и на платформите за дистрибуција, како и новите правила за финансирање на европските партии.

Следната година ЕК ќе препорача мерки за безбедност на новинарите и нивна заштита од судски постапки, вклучително и дополнителни мерки за зголемување на транспарентноста за сопственоста на медиумите и државното рекламирање. Комисијата ќе предложи и парични казни за оние кои шират дезинформации.

Во усвоениот план за поддршка на закрепнување и трансформација на аудиовизуелните медиуми погодени од пандемијата со Ковид-19, предвидено е да се олесни и прошири пристапот до финансии, како и да се обезбедат 20% од средствата на ЕУ за економско закрепнување за дигиталните технологии.

Предвидено е медиумите да имаат можност за финансирање од ЕУ, како и пристап до 400 милиони евра до 2027 година за нивна поддршка.

Пандемијата ги намалила приходите од рекламирање во медиумите од 30% до 80%, објави Комисијата.

https://ec.europa.eu

## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА МЕХАНИЗМОТ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ



Германското претседателство и Европскиот парламент на 18 декември 2020г. постигнаа прелиминарен договор за Механизмот за закрепнување и отпорност (RRF) на кој отпаѓа најголем дел од инструментот за закрепнување на Европската Унија на наредната генерација.
Договорот предвидува опсегот на RRF да биде структуриран околу шест столба: зелена транзиција; дигитална трансформација; паметен, одржлив и инклузивен раст и работни места; социјална и територијална кохезија; здравје и еластичност и политики за следната генерација, деца и млади, вклучително и образование и вештини.
Механизмот ќе има на располагање 672,5 милијарди евра од кои 312,5 милијарди се неповратни, а 360 милијарди во заеми.
Инструментот на ЕУ за следната генерација има вкупно 750 милијарди евра. Најголем дел од оваа сума ќе се исплати преку Механизмот (672,5 милијарди евра), а останатите 77,5 милијарди евра се наменети за програмите: Помош за обнова на кохезија и европските области - РЕАКТ-ЕУ, Зајакнати програми за рурален развој и Зајакнат механизам за фер транзиција.
Според прелиминарниот договор кој треба да го потврдат Советот и Парламентот, најмалку 37% од средствата што се достапни преку Механизмот мора да бидат наменети за зелени проекти, а најмалку 20% за дигитална трансформација.
Плановите за закрепнување и одржливост, се очекува да придонесат за ефикасно решавање на предизвиците идентификувани во соодветните препораки за секоја земја во рамките на Европскиот семестар, рамката за координација на економските и социјалните политики низ целата Унија.
Договорот предвидува силна улога на Европскиот парламент во управувањето со RRF. Редовниот „дијалог за закрепнување и издржливост“ ќе му овозможи на Парламентот да ја покани Комисијата да разговара за различни точки.
Одобрувањето на средствата ќе биде поврзано со препораките кои Комисијата ги упатува до секоја земја-членка во рамките на Европскиот семестар и во кои се идентификуваат клучните предизвици за секоја членка.

https://ec.europa.eu

## 30 МИЛИОНИ ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОМОБИЛИ ДО 2030 ГОДИНА ВО ЕВРОПА




Европската Унија планира да има најмалку 30 милиони возила со нулта емисии на штетни гасови на патиштата до 2030 година
Во објавената стратегијата Европската комисија утврдува мерки за намалување на емисиите на штетни гасови од транспортниот сектор, што претставува една четвртина од вкупните емисии во Европа.
Целта Европа да биде климатски неутрална до 2050 година, не може да се постигне без воведување многу амбициозни мерки за намалување на зависноста од транспорт од фосилни горива, се истакнува во документот.
За тоа ќе бидат потребни „најмалку” 30 милиони возила со нулта емисии на штетни гасови до 2030 година. Тоа претставува огромно зголемување од 1,8 милиони електрични и плаг-ин хибридни возила регистрирани во Европа кон крајот на минатата година, според Меѓународниот совет за чист транспорт. Хибридните возила не се возила со нулта емисии. Сепак, индустријата предупредува на недостаток на инфраструктура за таа цел.

https://www.euractiv.com

## СТАРТУВА ВАКЦИНАЦИЈАТА НИЗ ЕВРОПА



Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, упати видеопорака до граѓаните на Европа по повод почетокот на испораката на првите вакцини против Ковид-19 во ЕУ-27.
Денеска е ден на испорака, а утре ќе почнеме со вакцинирање низ цела Европска Унија, истакна фон дер Лајен.
Урсула фон дер Лајен нагласи дека Европската Унија набавила доволно вакцини за 450 милиони нејзини граѓани и дека во исто време им се достапни на сите земји-членки на ЕУ. Според неа, европските денови на вакцинација, од 27 до 29 декември, претставуваат емотивен момент на единство и европски успех.
Вакцинацијата ќе помогне постепено да се вратиме во нормалниот живот. Кога ќе се вакцинираат доволно луѓе, ќе можеме повторно да патуваме, да се среќаваме со пријателите и семејството и да имаме нормални празници, истакна фон дер Лајен.
Таа предупреди дека дотогаш сите мора да останат внимателни за да се заштитат себе си и другите од вирусот.
Европската Унија досега објави повеќе од 335000 смртни случаи поврзани со Ковид-19.
Повеќе од 14 милиони луѓе се заразени, а строгите мерки за заклучување во моментов се во сила во скоро сите земји-членки.
Распространувањето на вакцините доаѓа во моментот кога случаите со заразна варијанта на Ковид-19 се потврдени во неколку европски нации, како и во Канада и Јапонија.
Европската Унија досега објави повеќе од 335 000 смртни случаи поврзани со Ковид.
Вакцинацијата доаѓа откако Европската агенција за лекови (ЕМА) и Европската комисија ја авторизираа германско-американската вакцина Pfizer-BioNTech.
Унијата обезбеди договори за повеќе од две милијарди дози на вакцини од низа компании за производство на лекови.

https://www.bbc.com

## ТРИ ФАЗИ НА КАМПАЊАТА ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ВО ФРАНЦИЈА




Највисокото здравствено советодавно тело на Франција (ХАС) соопшти дека препорачува вакцината против Ковид-19, кога ќе пристигне во земјата, прво да им се даде на старските домови и нивниот персонал.
ХАС предложи вакцинацијата да се спроведе во фази и на доброволна основа, како и во многу други земји.
Претседателот Емануел Макрон истакна дека вакцините може да се користат веќе на крајот на годината во Франција, доколку бидат одобрени од регулаторните тела.
По старските домови, кои опфаќаат околу 840.000 луѓе во Франција, втората фаза ќе биде насочена кон лица на возраст од 65 години и повеќе, како и некои здравствени работници, соопшти ХАС.
Следните три фази ќе вклучуваат луѓе со хронични заболувања како што се дијабетес, потоа професионалци кои работат во специфични услови и возрасни без хронични заболувања.
„Овие препораки ќе бидат дополнително развиени кога ќе имаме повеќе податоци. Ние повикуваме на вакцинација на доброволна основа”, истакна на конференција за новинарите лидерот на ХАС, Доминик ле Гулудек. Француската влада детално образложи како се спроведува нејзината кампања за вакцинација. Од приближно 1,9 милијарди дози што се очекува да ги набави Европската Унија во оваа фаза, Франција ќе обезбеди околу 295 милиони дози.

https://www.euronews.com

## 65 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ЕВРОПСКОТО ЗНАМЕ

Знамето на Европска Унија го прославува својот 65 роденден. Дизајнот на знамето, сина позадина и круг од златни ѕвезди во средината е усвоен на 8 декември 1955 година од страна на Советот на Европа. Европскиот совет во 1985 година го прогласи за знаме на тогашната Европска економска заедница, претходничка на денешна Европска Унија. Една година подоцана на 29 мај 1986 година синото знаме со 12 златни ѕвезди првпат беше поставено пред седиштето на Европска комисија во Брисел.
Кругот од 12 ѕвезди во средината на знамето ги симболизира единството, солидарноста и хармонијата помеѓу народите во Европа и не е поврзан со бројот на земји-членки на Европската Унија.

https://europa.eu



## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ТРГОВИЈА И СОРАБОТКА НА ЕУ СО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА



Европската Унија и Велика Британија постигнаа договор за трговски односи по брегзит, седум дена пред Британија да ја напушти Европската Унија.
Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен истакна дека правилата за конкуренција „ќе бидат фер и ќе останат такви“, ветувајќи дека доследно ќе се „почитуваат“ правилата и стандардите на ЕУ. Договорени се „ефикасни алатки за реагирање доколку се нарушат правилата на конкуренција“.
Двете страни ќе продолжат да работат заедно во сите области од заеднички интерес, како што се климатските промени, енергијата, безбедноста и транспортот.
Договорот за трговија и соработка опфаќа голем број области кои се во интерес на ЕУ. Тој го штити интегритетот на единствениот пазар и неделивоста на четирите слободи (луѓе, стоки, услуги и капитал). Тоа го одразува фактот дека Велика Британија го напушта екосистемот на Европската Унија на заеднички правила, механизми за надзор и спроведување и затоа повеќе не може да ги ужива придобивките од членството во Европската Унија или единствениот пазар. Договорот нема да одговара на значајните предности што ги уживаше Велика Британија како земја-членка на ЕУ.
Надворешната политика, надворешната безбедност и соработката во одбраната не се опфатени со Договорот. Од 1 јануари 2021 година, нема да постои рамка помеѓу Велика Британија и ЕУ за развој и координирање на заеднички одговори на надворешно-политичките предизвици, на пример, наметнување санкции за државјани на трети земји или економии.
На 1 јануари 2021 година Велика Британија ќе ги напушти единствениот пазар на ЕУ и Царинската унија, како и сите политики и меѓународни договори на ЕУ. Ќе заврши слободното движење на лица, стоки, услуги и капитал помеѓу Велика Британија и ЕУ.
Двете страни ќе формираат два одделни пазари, два различни регулаторни и правни простори. Ова ќе создаде пречки за трговија со стоки и услуги и за прекугранична мобилност и размена што денес не постојат - во двата правци.
Советот, постапувајќи едногласно од сите 27 земји-членки, треба да донесе одлука со која ќе се авторизира потпишувањето на Договорот и неговата привремена примена од 1 јануари 2021 година. Потоа Договорот за трговија и соработка помеѓу ЕУ и Велика Британија може да биде официјално потпишан.

https://ec.europa.eu

## ПАД НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ЕВРОЗОНАТА

Невработеноста во еврозоната забележа мал пад во октомври, откако стапката на невработеност во сезонски прилагодени услови се намали до 8,4 отсто, во споредба со септември кога изнесувала 8,5 проценти, соопшти денес статистичката агенција на ЕУ (Евростат). Меѓутоа, на 12-месечна основа, стапката на невработеност е значително поголема од 7,4 проценти, регистрирани во октомври минатата година, бидејќи последиците од коронавирусот имаат влијание врз економијата, се наведува во соопштението на Евростат. Поради пандемијата, која предизвика катастрофален удар врз глобалните активности, во последните месеци имаше бран на отпуштања, и покрај големиот спасувачки пакет, објавен од Брисел со цел да се поддржат бизнисите.

https://ec.europa.eu




**Донесени закони од НПАА, во декември 2020 година:**

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.
2. Закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги кон Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија.
3. Закон за општа безбедност на производите,
4. Закон за фитофармација.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2021***

*1. Португалско претседателство со Советом на ЕУ, 2020, 01/01/2021,*
*2. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 18-21/01/2021, Стразбур,*
*3. Годишна конференција на Европска инвестициона банка, 21-22/01/2021.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




